Република Македонија

**Дирекција за технолошки индустриски развојни зони**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ
РАЗВОЈНИ ЗОНИ
Бр. 01-1074/1
20.09.2017 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2017 до 30.06.2017 ГОДИНА

**Скопје, јули 2017 година**

## СОДРЖИНА

*Вовед* ....................3

*I. Мисија и визија* ....................5

*II. Трошоци и финансирање* ....................7

II.1 Приходи ....................7

II.2 Трошоци ....................7

***III.Организациска структура*** ....................11

***IV. Активности на дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони*** ....................14

**IV.1 Активности за основање, развој и управување со ТИР Зони** ....................14

**IV.2 Активности за државна помош** ....................20

**IV.3 Активности за промоција, комуникација со потенцијални корисници и грижа за корисниците во ТИР Зоните** ....................22

**IV.4 Адвокатски услуги и судски спорови** ....................26

**IV.5 Работа на управниот одбор** ....................32

**Согласно член 16 од Законот за Технолошки индустриски развојни зони (“*Службен весник на Република Македонија*” бр. 14/07, 103/08, 130/08,139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15 и 30/16) Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони е должен секои шест месеци да доставува Извештај за работата на Дирекцијата до Владата на Република Македонија.**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.2017 до 30.06.2017 ГОДИНА

### ВОВЕД

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони согласно Законот за ТИРЗ ги врши работите сврзани со планирањето, основањето, развојот и следењето на технолошко индустриските развојни зони, а во случај кога Владата на Република Македонија е основач на зона, Дирекцијата за ТИРЗ ги врши работите од надлежност на основач на зона во име на Владата на Република Македонија и тоа:

- планирање на зоните и обезбедување соодветни просторни, еколошки, енергетски, технички и други услови за вршење на дејности во зоните,
- го уредува градежното земјиште и гради инфраструктурни и други објекти до зоната и во зоната,
- обезбедува потребна документација за градење на инфраструктурни и други објекти неопходни за функционирање на зоната, согласно закон,
- управува со земјиштето и со објектите до зоната и во зоната кои се сопственост на Република Македонија,
- обезбедува средства за работа на ТИР Зоните кога Основач е Владата на Република Македонија

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони има реализирано бројни проекти и програми, пред се за развој на инфраструктурата и инфраструктурните објекти во зоните. Ваквиот тренд продолжува и во првата половина од 2017 год. за што е потребно превземање на натамошни чекори за остварување на планираните активности за: развој на постоечките ТИР Зони, основање и развој на технолошки индустриски развојни зони во други градови на Р. Македонија; обезбедување услови за користење на просторот што вклучува: изработка на урбанистички проекти, програми, студии, елаборати, дозволи, согласности, вештачења со проценки, ревизии на проекти, градежни работи и др.; креирање инфраструктурни услови за развој на зоните преку изградба на патна инфраструктура до зоните и во зоните и превземање активности во врска со изведба на објекти од инфраструктурата (водоводна и канализациона мрежа, инсталации за гас и мерно регулациони станици за природен гас, инсталации за електрична енергија); промоција на погодностите за инвестирање во зоните; рационално работење со намалување на трошоците на работењето и превземање конкретни чекори за афирмација и креирање свест во јавноста за вредноста и значењето на ТИР Зоните.

Со зголемување на обемот на активностите за планирање, основање, развој и следење на технолошко индустриските развојни зони на територијата на Р. Македонија на крајот на извештајниот период во Дирекцијата за ТИРЗ бројот на вработени изнесува 71 вработени.

Согласно бројот на корисници во ТИР зоните и динамиката на фунционалност на ТИР зоните во Р.Македонија, во наредниот период Дирекцијата за ТИРЗ ќе има потреба од дополнителни вработувања во идните функционални ТИР зони, како и во Дирекцијата, согласно потребите и побарувањата на корисниците во секоја функционална ТИР зона.

Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот од 01.01.2017 - 30.06.2017 содржи податоци за видот и обемот на работите извршени при вршење на работите од надлежност на Дирекцијата.

Во извештајот работите од надлежност на Дирекцијата според видот на работите се групирани во следните точки:

I. **МИСИЈА И ВИЗИЈА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

II. **ТРОШОЦИ И ФИНАНСИРАЊЕ**

III. **ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА**

IV. **АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ**

## *I. МИСИЈА И ВИЗИЈА НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ*

На територијата на Република Македонија во моментот има 15 (петнаесет) ТИР зони и 2 (две) и индустриски зони формирани од Владата на РМ за кои има донесено Државна урбанистичка планска документација. Отпочната е постапка за оформување на нови ТИР зони на територијата на општина Куманово и општина Липково.

До овој момент од вкупно 15 ТИРЗ за кои има изработено ДУПД, Владата на РМ има донесено одлука за основање за 14 (четиринаесет) ТИР зони.

1. ТИРЗ Скопје 1,
2. ТИРЗ Скопје 2
3. ТИРЗ Штип
4. ТИРЗ Кичево
5. ТИРЗ Струга
6. ТИРЗ Ранковце
7. ТИРЗ Радовиш
8. ТИРЗ Берово
9. ТИРЗ Виница
10. ТИРЗ Гевгелија
11. ТИРЗ Прилеп
12. ТИРЗ Струмица
13. ТИРЗ Тетово
14. ТИРЗ Делчево
15. ТИРЗ Скопје 3

Двете индустриските зони оформени од Владата на Република Македонија – Индустриска Зона Косел и Индустриска зона Кратово, се основани и за овие две индустриски зони изработена е и усвоена Државна урбанистичка планска документација.

Од останатите ТИР зони за кои има донесено Државна урбанистичка планска документација во овој момент 9 (девет) ТИР зони се во различна фаза на градба и тоа:

- ТИРЗ Струга е во завршна фаза на изградба на водоснабдителниот систем за снабдување на зоната со санитарна вода од системот на МЈП Проаква – Струга, како и изведбата на царинскиот терминал со вага. Основната внатрешна инфраструктура, како и атмосферската канализација од ТИРЗ Струга до реципиент и фекалната канализација од ТИРЗ Струга до примарниот колектор со кој стопанисува МЈП Проаква на терен се изведени.
- ТИРЗ Струмица започната е градба на основната инфраструктура во зоната до степен на функционалност и пристапниот пат. Исто така

завршена е јавната набавка за изградба на надворешната хидротехничка инфраструктура за одведување на атмосферските и пречистени отпадни води од ТИРЗ Струмица до рецепиент и избран е изведувач на работите.

- ТИРЗ Кичево е функционана зона со изградена основната внатрешна и надворешна инфраструктура и изграден царински терминал со вага.
- ТИРЗ Прилеп е во фаза на изградба на водоснабдителен систем, изградба на канали за одведување на атмосферски води и пречистени отпадни води од ТИРЗ Прилеп до рецепиент, како и изведбата на царинскиот терминал со вага. Дел од основната внатрешна инфраструктура е изведена.
- Во ТИРЗ Гевгелија, ТИРЗ Радовиш, ТИРЗ Берово, ТИРЗ Делчево и ТИРЗ Виница, е завршена првата градежна фаза. Во овие зони ќе се продолжи со градежни активности во моментот кога за тие ТИР зони ќе има заинтересиран Инвеститор.
- Земјиштето во ТИРЗ Ранковце е продадено на инвеститор кој согласно договорот има обврска да ја изгради внатрешната инфраструктура.
- ТИРЗ Скопје 3 сеуште не е основана

**Мисијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони** согласно Законот за ТИРЗ е насочена пред се кон создавање услови за планирање, основање, изградба и развој на ТИР Зони и следење на работата на ТИР Зоните на територијата на Р. Македонија.

**Визијата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони** е преку планирање, основање, изградба и развој на ТИР Зони во Р. Македонија да се зголеми бројот на странски инвестиции, постигнување на повисок степен на економски раст и развој, рамномерен регионален развој, внес на нови технологии и зголемување на вработеноста.

**Објаснување на фазата на градбите:**

- [i]**„во тек е прва градежна фаза“**– Дирекцијата за ТИРЗ поради оптимално и рационалното располагање со буџетските средства по основањето на ТИР зоната, започнува со прва фаза на градба односно гради само дел од основната внатрешна инфраструктура во таа ТИР зона. По завршувањето на првата градежна фаза не се извршуваат градежни активности се до моментот на доаѓањето на првиот инвеститор во таа ТИР зона. Целта е да се обезбеди пристап на градежни машини до парцела на идниот ивеститор во зоната.
- **„во тек е втора градежна фаза“**- Во моментот кога за одредена ТИР зона ќе инвеститор ќе донесе одлука дека ќе инвестира , Дирекцијата за ТИРЗ продолжува со градежните активности односно започнува со втора фаза на градба, односно паралелно гради со инвеститорот се до степен на функционалност на ТИР зоната.

## *II. ТРОШОЦИ И ФИНАНСИРАЊЕ*

### *II.1 ПРИХОДИ*

Средствата за работа на Дирекцијата за ТИРЗ се обезбедуваат од Буџетот на РМ за 2017 година и од сопствени приходи од надоместоци за извршени услуги согласно членовите 12 и 34 од Законот за ТИРЗ.

Средствата одобрени со Буџетот на РМ за 2017 за сметката 1000441246 637 17 и сметката 1000441246 787 15 изнесуваат 806.206**.000,00** ден. и се распределени во подпрограма 20 во износ од 230.206.000,00 ден., потпрограма ДВ во износ од 246.000.000,00 ден. и потпрограма Д6 во износ од 330.000.000,00 ден.

Согласно член 12 од Законот за ТИРЗ, Дирекцијата за ТИРЗ во периодот од 01.01.2017 – 30.06.2017 год. оствари приходи од надоместоци за извршени услуги на сметката 1000441246 787 15 во вкупен износ од **91.113.694,00** ден. Најголем дел од остварените приходи се должат на наплата на побарувањата по основ на извршени услуги на корисниците односно 48.207.072,00 ден., потоа следат приходите остварени по основ на извршување на стопанската дејност на Дирекцијата за ТИРЗ – управување со системот за дистрибуција, дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на корисниците приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во износ од 30.790.002,00 ден., приходи остварени при закуп на градежно земјиште во износ од 4.195.321,00 ден., и приходи остварени по основ на закупнина на објекти во износ од 7.921.299,00 ден.

### *II.2 РАСХОДИ*

Расходите на Дирекцијата се утврдени со Годишна програма со финансиски план на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2017 година бр. 01-1432/1 од 07.10.2016 за кој Владата на РМ даде согласност бр.42-7693/1 од 17.10.2016 год.

Во рамките на сметката 1000441246 **637** 17 со Буџетот за 2017 година одобрени се средства во вкупен износ од **624.206.000,00** ден. Од нив:

- по основ на **Плати, наемнини и надоместоци** (категорија 40, ставка 401 и 402, потпрограма 20-Дирекција за технолошки индустриски развојни зони) средствата одобрени со Буџетот изнесуваат 33.706.000,00 ден., од кои реализирани се средства во износ од 15.330.564,00 ден.

- за **Стоки и услуги** (категорија 42, потпрограма 20-Дирекција за технолошки индустриски развојни зони) средствата одобрени со Буџетот изнесуваат 30.500.000,00 ден., од кои реализирани се средства во износ од 15.722.879,00 ден.

- за **Капитални расходи** (категорија 48, потпрограма ДВ-Технолошки индустриски развојни зони) средствата одобрени со Буџетот изнесуваат 230.000.000,00 ден. од кои реализирани се средства во износ од 79.790.034,00 денари.

- за **Разни трансфери** (категорија 46, потпрограма Д6-Поддршка на инвестициони вложувања) средствата одобрени со Буџетот изнесуваат 330.000.000,00 ден. од кои реализирани се средства во износ од 99.259.496,00 денари.

Процентот на реализација на средствата од буџетот за сметката 1000441246 637 17 за периодот 01.07.2016-31.12.2016 год. изнесува 33,66%.

1. ***Табеларен приказ на реализацијата на средства од сметката 637 за период од 01.01.2017- 30.06.2017 година***

| *Ставка* | *Потпрограма* | *Опис* | *Буџет за 2017* | *План за 01.01-30.06.2017* | *Реализирано од 01.01-30.06.2017* | *Реализација на буџет %* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 401 | 20 | Основни плати | 24.606.000,00 | 11.220.314,00 | 11.184.010,00 | 45,45 |
| 402 | 20 | Придонеси за социјално осигурување | 9.100.000,00 | 4.150.345,00 | 4.146.554,00 | 45,57 |
| 420 | 20 | Патни и дневни расходи | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 965.392,00 | 96,54 |
| 421 | 20 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 999.852,00 | 99,99 |
| 423 | 20 | Материјали и ситен инвентар | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 618.342,00 | 61,83 |
| 424 | 20 | Поправки и тековно одржување | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 999.675,00 | 99,97 |
| 425 | 20 | Договорни услуги | 1.000.000,00 | 1.000.000,00 | 999.679,00 | 99,87 |
| 426 | 20 | Други тековни расходи | 25.500.000,00 | 20.000.000,00 | 11.140.939,00 | 43,69 |
| 464 | Д6 | Разни трансфери | 330.000.000,00 | 188.000.000,00 | 99.259.496,00 | 30,08 |
| 481 | ДВ | Градежни објекти | 20.000.000,00 | 20.000.000,00 | 0,00 | 0 |
| 482 | ДВ | Други градежни објекти | 195.000.000,00 | 145.000.000,00 | 79.562.238,00 | 40,80 |
| 485 | ДВ | Вложувања и нефинансиски средства | 15.000.000,00 | 7.000.000,00 | 227.796,00 | 1,52 |
| ***ВКУПНО*** | | | ***624.206.000,00*** | ***400.370.659,00*** | ***210.102.973,00*** | ***33,66*** |

Во рамките на сметката 1000441246 **787** 15 со Буџетот за 2017 година одобрени се средства во износ од **182.000.000,00** ден., а реализирани во периодот 01.01.2017–30.06.2017 год. се 66.049.483,00 ден. Од нив:

- за **Стоки и услуги** (категорија 42, потпрограма 20-Дирекција за технолошки индустриски развојни зони) средствата одобрени со Буџетот изнесуваат 166.000.000,00 ден., од кои реализирани се средства во износ од 64.838.803,00 ден. Најголем дел од овие средства се наменети за обезбедување на потребните количини на гас за корисниците на зоните како и за тековно и инвестиционо одржување на инфраструктурата во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2 ,ТИРЗ Штип, ТИРЗ Кичево, ТИРЗ Струга, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Струмица.
- за **Капитални инвестиции** (категорија 48, потпрограма ДВ-Технолошки индустриски развојни зони) средствата одобрени со Буџетот изнесуваат 16.000.000,00 ден., од кои во периодот 01.01.2017– 30.06.2017 год. реализирани се 1.210.680,00 ден.

***2. Табеларен приказ на реализацијата на средства од сметката 787 за период од 01.01.2017- 30.06.2017 година***

| *Ставка* | *Потпрогр ама* | *Опис* | *Буџет за 2017* | *План за 01.01 – 30.06.2017* | *Реализирано од 01.01 – 30.06.2017* | *Реализац ија на буџет %* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **420** | **20** | Патни и дневни расходи | 8.000.000,00 | 7.000.000,00 | 3.135.702,00 | 39,20 |
| **421** | **20** | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 122.000.000,00 | 90.000.000,00 | 46.943.572,00 | 38,48 |
| **423** | **20** | Материјали и ситен инвентар | 4.000.000,00 | 2.000.000,00 | 30.000,00 | 0,75 |
| **424** | **20** | Поправки и тековно одржување | 10.000.000,00 | 8.000.000,00 | 7.368.855,00 | 73,69 |
| **425** | **20** | Договорни услуги | 10.000.000,00 | 8.000.000,00 | 2.313.008,00 | 23,13 |
| **426** | **20** | Други тековни расходи | 12.000.000,00 | 8.000.000,00 | 5.047.666,00 | 42,06 |
| **480** | **ДВ** | Опрема и машини | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 1.210.680,00 | 24,21 |
| **483** | **ДВ** | Купување на мебел | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| **486** | **ДВ** | Купување на опрема | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| ***ВКУПНО*** | | | ***182.000.000,00*** | ***139.000.000,00*** | ***66.049.483,00*** | ***36,29*** |

Средствата од оваа сметка се предвидени за покривање на трошоците настанати од работењето на ТИРЗ Скопје 1, Скопје 2, ТИРЗ Штип, ТИРЗ Кичево, ТИРЗ Струга, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Стумица. Реализацијата е во директна врска со приливот на средствата наплатени за извршените услугите кон корисниците во ТИРЗ Скопје 1, ТИРЗ Скопје 2, ТИРЗ Штип ТИРЗ Кичево, ТИРЗ Струга, ТИРЗ Прилеп и ТИРЗ Стумица и моменталните потреби и обврски кон добавувачите.

### 3. *Табеларен приказ на реализацијата на средствата од Буџетот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за период 01.01-30.06.2017 година*

| *Ставка* | *Потпрог рама* | *Опис* | *Буџет за 2017* | *План за 01.01 – 30.06.2017* | *Реализирано од 01.01 – 30.06.2017* | *Реализација на буџет %* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **401** | **20** | Основни плати | 24.606.000,00 | 11.220.314,00 | 11.184.010,00 | 45,45 |
| **402** | **20** | Придонеси за социјално осигурување | 9.100.000,00 | 4.150.345,00 | 4.146.554,00 | 48,88 |
| **420** | **20** | Патни и дневни расходи | 9.000.000,00 | 8.000.000,00 | 4.101.094,00 | 60,79 |
| **421** | **20** | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 123.000.000,00 | 91.000.000,00 | 47.943.424,00 | 38,98 |
| **423** | **20** | Материјали и ситен инвентар | 5.000.000,00 | 3.000.000,00 | 648.342,00 | 12,97 |
| **424** | **20** | Поправки и тековно одржување | 11.000.000,00 | 9.000.000,00 | 8.368.530,00 | 76,08 |
| **425** | **20** | Договорни услуги | 11.000.000,00 | 9.000.000,00 | 3.311.687,00 | 30,11 |
| **426** | **20** | Други тековни расходи | 37.500.000,00 | 28.000.000,00 | 16.188.605,00 | 43,17 |
| **464** | **Д6** | Разни трансфери | 330.000.000,00 | 188.000.000,00 | 99.259.496,00 | 30,08 |
| **480** | **ДВ** | Опрема и машини | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 1.210.680,00 | 24,21 |
| **481** | **ДВ** | Градежни објекти | 20.000.000,00 | 20.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| **482** | **ДВ** | Други градежни објекти | 195.000.000,00 | 145.000.000,00 | 79.562.238,00 | 40,80 |
| **483** | **ДВ** | Купување на мебел | 5.000.000,00 | 5.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| **485** | **ДВ** | Вложувања и нефинансиски средства | 15.000.000,00 | 7.000.000,00 | 227.796,00 | 1,52 |
| **486** | **ДВ** | Купување на возила | 6.000.000,00 | 6.000.000,00 | 0,00 | 0,00 |
| ***ВКУПНО*** | | | ***806.206.000,00*** | ***539.370.659,00*** | ***276.152.456,00*** | ***34,25*** |

Вкупниот Буџет на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2017 година изнесува 806.206.000,00 денари. Од нив расходите по основ на плати и надоместоци изнесуваат 33.706.000,00 денар или 4%, за стоки и услуги 196.500.000,00 денари или 25% , за капитални инвестиции 246.000.000,00 денари или 31% и за државна помош и други трансфери 330.000.000,00 или 40 % од вкупно одобрениот буџет на Дирекцијата за ТИРЗ за 2017 година.

**Графички приказ на Буџетот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за 2017 година**




## III. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА

Стручните служби на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ги сочинуваат државни службеници и помошните работници. На дел од вработените кои имаат статус на државни службеници правата и обврските им се регулираат со прописите со кои се уредува статусот на државните службеници, а на помошните работници правата и обврските им се регулираат со прописите со кои се уредуваат работните односи. Заклучно со 30.06.2017 година вкупниот број на вработени во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони изнесуваше 71 вработен.

Според образовната структура 44, односно 62 % од вработените во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони имаат високо образование; 1% имаат вишо образование, 24 односно 34 % имаат средно образование и 3% имаат основно образование.




Во однос на половата застапеност, од вкупниот број вработени 36 се мажи, од кои на раководни позиции се 7, а 35 се жени од кои на раководни позиции се 15.




Во однос на националната структура, од вкупниот број на вработени, 61 (шеесетиеден) се Македонци, 7 (седум) вработени се Албанци, 2 (двајца) од вработените се Бошњаци и 1 (еден) е Србин.




*Со отварањето на нови технолошко индустриски развојни зони и започнување со работа на нови корисници во зоните во Р. Македонија се јавува и потребата од нови вработувања на соодветен стручен кадар со цел обезбедување на услови за непречено работење на ТИР Зоните.*

# IV. *АКТИВНОСТИ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 01.07.2016-31.12.2016 год.*

## *IV. 1 АКТИВНОСТИ ЗА ОСНОВАЊЕ, РАЗВОЈ И УПРАВУВАЊЕ СО ТИР ЗОНИ*

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони е надлежна за основање, развој и управување со ТИР Зоните во Р. Македонија. Во рамките на своите надлежности, а со цел создавање услови за влез на нови странски инвестиции во ТИР зоните и индустриски зони формирани од Владата на РМ, Дирекцијата за ТИРЗ во првата половина од 2017 година ги вршеше следните активности:

- Координација и соработка со Министерство за транспорт и врски во врска со одобрување на проектно-плански документации за ТИР зоните
- Координација со ЈПДП при изработка на проекти и изведба на јазли за сообраќајно поврзување на ТИР Зони и подолжно и попречно водење на изсталации покрај патиштата
- Координација и соработка со Министрите во Владата на РМ задолжени за странски ивестиции кои остваруваат средби со потенцијалните инвеститори и корисници на ТИР зони
- Учество на работни средби со потенцијални инвеститори од аспект на појаснување на предвидени/ изведени инфраструктурни објекти во соодветната зона.
- Секојдневна соработка и координација со другите институции за работи поврзани со основањето, изградбата и функционирањето на ТИР зони.
- Континуирано води постапки за одобрување на елаборати од областа на заштита на животната средина, одобрување на траен сообраќаен режим
- Континуирано води постапки за издавање одобрение за градење и употреба за градбите во ТИР зоните, за градбите кои ги градат корисниците во ТИР зоните
- Континуирано води постапки за издавање решенија за поставување на градби и инфраструктурни линиски објекти од јавен интерес за кои не е потребно одобрение за градење
- Континуирано води постапка за добивање одобрение за градење и употреба за градбите во и надвор од ТИР зоните, кои ги гради ДТИРЗ
- Континуирано води постапки за одобрување на Проектите за инфраструктура за ТИР Зоните
- Континуирано води постапки за одобрување на Архитектонско-урубанистички проектни за ТИР Зоните

- Врши секојдневна соработка и координација со другите институции за работи поврзани со функционирањето на ТИР зони.

- Секојдневни редовни контакти со надлежни институции со надлежности од интерес на ТИРЗ
- Секојдневна комуникацијата со Изведувачи, Надзорни органи по објекти, Проектанти и Ревиденти

**Спроведени постапки за изработка и одобрување на проектно-плански документи за ТИРЗ и ИЗ формирани од Влада на РМ**

- Отпочната постапка за изработка на ДУПД за ТИРЗ Куманово
- Одобрен е Архитектонско урбанистички проект за формирање ГП во Блок 27 и Блок 28 КО Бунарџик Општина Илинден. Инвеститор ДТИРЗ Скопје.
- Одобрен е Архитектонско урбанистички проект за формирање ГП во Блок 23 КО Бунарџик Општина Илинден.
- Во тек е постапка за одобрување на Архитектонско урбанистички проект за Уредување на ГП 1.1 со намена на градба В4 - државни институции (административна зграда со царина и пратечки објекти), од ДУПД за ТИРЗ Струмица, КО Свидовица, Општина Струмица
- Одобрен е проект за инфраструктура за одвод на фекална пречистена и атмосферска сепарирана вода од локација на ТИРЗ Струмица
- Одобрен е на проект за инфраструктура за Разводна водоводна мрежа за санитарен и противпожарен водовод со резервоар за вода вон локација на ТИРЗ Струмица
- Изработена е Измена и дополна на проектна документација за ТИРЗ Струмица
- Отпочната е изработка на проектно-планска документација за измена на бунарско подрачје за ТИРЗ Прилеп, Изградба на испусен канал за ТИРЗ Прилеп и поврзување на атмосферска канализациона мрежа со проектираниот отворен канал надвор од зона (дел од Крак 1 и Крак 4) за ТИРЗ "Прилеп
- Отпочната е постапка за одобрување на Проект за инфраструктура за измена и дополна на проект за инфрдструктура за доводен цевковод од зафатниот објект на водоснабдителна мрежа на Струга до санитарната и ПП водоводна мрежа во зоната на ТИРЗ "СТРУГА"
- Одобрена е Измена и дополна на проект за инфраструктура за одвод на фекални пречистени води од технолошко индустриска развојна зона (ТИРЗ) Струга од прва и втора фаза до примарен фекален колектор

- Одобрена е Измена и дополна на Проект за инфраструктура за водоснабдување на технолошко индустриска развојна зона (ТИРЗ) Струга со вода за технички потреби ( Бунарска зона).
- Прибавено е одобрение за изградба на одвод на фекална пречистена и атмосферска сепарирана вода од локација на ТИРЗ Струмица
- Отпочната е постпка за добивање на одобрение за изградба на улица 4 и атмосферска канализација за улица 4 во ТИРЗ Скопје 1
- Отпочната е постапка за добивање на одобрение за Изградба бунар за техничка вода, бунар за санитарна вода, разводна водоводна мрежа за техничка вода во ТИРЗ Струмица, разводна водоводна мрежа за санитарен и противпожарен водовод за ТИРЗ Струмица и резервоар
- Добиено е одобрение за градење на пристап од регионален пат Р-1402 до зона, со ленти за приклучување и исклучување за ТИРЗ "Струмица"
- Добиена е согласност за изградба на пристап од регионален пат Р-1402 до зона, со ленти за приклучување и исклучување за ТИРЗ "Струмица"од страна на Јавно претпријатије за државни патишта.
- Отпочната постапка во Министерство за животна средина и просторно планирање за добивање на дозвола за користење на вода од бунари во ТИРЗ Струмица.
- Добиена е дозвола од Министерство за животна средина и просторно планирање за испуштање на пречистена вода од ТИРЗ Кичево во река Треска.
- Отпочната постапка во Министерство за животна средина и просторно планирање за добивање на дозвола за вршење на хидрогеолошки истраги за водоснабдување на ТИРЗ Прилеп

## Изградба и развој на ТИРЗ

ТИРЗ Прилеп, ТИРЗ Кичево опфат 1 и ТИРЗ Струга се приклучени на електро дистрибутивната мрежа

- Во тек е постапка за приклучување на ТИРЗ Струмица на електро дистрибутивната мрежа
- Завршена е изградбата на надворшната хидротехничка инфраструктура (атмосферска канализација од ТИРЗ Струга до рецепиент и фекална канализација од ТИРЗ Струга до примарниот колектор со кој стопанисува МЈП Проаква), за ТИРЗ Струга
- Изведено и приклучено на трафостаница на ЕВН уличното осветлување на дел (1-ва фаза) во ТИРЗ Струга
- Изведено и приклучено на трафостаница на ЕВН уличното осветлување на дел од булеварот и дел од Улица 1 во ТИРЗ Прилеп
- Во завршна фаза е изградбата на водоснабдителниот систем за снабдување на зоната со санитарна вода од системот на МЈП Проаква – Струга (Доводен цевковод од зафатниот објект на водоснабдителна мрежа на Струга до санитарната и ПП водоводна мрежа во зоната на ТИРЗ "Струга"),
- Во тек е изградба на парцела со намена В4 за ТИРЗ Прилеп, Изградба на терминал на тешки товарни возила и поврзување со делот надвор од парцелата со хоризонтална и вертикална сигнализација, санитарен јазол за возачи, пречистителна станица, платформа за преглед на возила со надстрешница и камионска мерна вага со надстрешница, електро енергетски кабловски развод, телефонска инсталација, осветлување, и хидротехнички инсталации (санитарен водовод, ПП водовод, фекална и атмосфереска канализација) во ТИРЗ Прилеп
- Во завршна фаза е изградба на парцела со намена В4 за ТИРЗ Струга , Изградба на терминал на тешки товарни возила во рамките на градежната парцела и поврзување со делот надвор од парцелата, санитарен јазел на возачи, платформа за преглед на возила со настрешница и камионска мерна вага со настрешница поставена на терминал во ТИРЗ Струга
- Завршена е изградба на парцела со намена В4 за ТИРЗ Кичево, Изградба на терминал на тешки моторни возила во рамките на градежната парцела и поврзување со делот надвор од парцелата, санитарен јазол за возачи, платформа за преглед на возила со настрешница и камионска мерна вага со настрешница во ТИРЗ Кичево - опфат 1

- Завршена е изградба на изградба на пристап до ТИРЗ Кичево-опфат 1 од регионален пат Прилеп(врска со Р1101)-Македонски Брод-Кичево(врска со А2)
- Во тек е изградба на хидротехничка инфраструктура (фекална и атмосферска канализација) надвор од зона со потребни хидротехнички објекти и регулација на дел од речното корито на р.Пена во делот на испустот од атмосферска и фекална канализација за ТИРЗ Тетово, КО Сараќино, Општина Тетово
- Започната е изградба на дел (втора фаза) од инфраструктура во ТИРЗ Струмица и пристап од регионален пат Р-1402 до зона, со ленти за приклучување и исклучување за ТИРЗ "Струмица"
- Во завршна фаза е изградба на испусен канал за ТИРЗ Прилеп и поврзување на атмосферска канализациона мрежа со проектираниот отворен канал надвор од зона (дел од Крак 1 и Крак 4) за ТИРЗ "Прилеп"
- Во тек е изградба на потисен цевковод, резервоар, пумпна станица, и филтер станица за водоснабдителен систем за ТИРЗ Прилеп
- Избран е изведувач на работите за изградба на одвод на фекална пречистена и атмосферска сепарирана вода од локација на ТИРЗ Струмица

## Издадени одобренија за градење, одобренија за употреба и согласност на траси

- Издадено е одобрение за доградба на Витек Македонија ДОО Илинден, за индустриски комплекс за производство на високопритиснати гумени црева во ТИРЗ Скопје 1.
- Издадено е одобрение за градење на Џонсон Мети ДООЕЛ Скопје на објект отворен склад за отпад при индустриски објект Џонсон Мети ТИРЗ Скопје 1.
- Издадено е одобрение за градење на Џонсон Мети ДООЕЛ Скопје за нова област за складирање во одделот за одржување во ТИРЗ Скопје 1.
- Издадено е решение за измени во текот на изградбата на ОДВ-ЕЛЕКТРИК ДООЕЛ Струга на фабрика за производство на електрични инсталации за автомобили ОДВ-ЕЛЕКТРИК во ТИРЗ Струга.
- Издадено е решение за адаптација на АДИЕНТ СЕАТИНГ ДООЕЛ Штип на посебен дел на објект-постоечка производна хала и администрација.
- Издадено е решение за измени во текот на изградбата на ИНЈЕЦТИОН МОУЛДИНГ ДООЕЛ с. Алинци, Прилеп на производен погон за лиење на пластика-машинско одделение во ТИРЗ Прилеп.
- Во тек е постапка за издавање на употребна дозвола на ОДВ Електрик во ТИРЗ Струга
- Издадена е согласност на траса на ЕВН за положување на електроенергетски кабел во ТИРЗ Струмица

### *IV. 2 АКТИВНОСТИ ЗА ДРЖАВНА ПОМОШ*

Согласно Законот за ТИРЗ ( Сл. Весник на Р.М бр.14/2007.....30/16) Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони склучува договори за доделување на државна помош за кои Владата на Р. Македонија дава претходна согласност. Во периодот од 01.01-30.06.2017 година, Дирекцијата склучи еден договор за доделување на државна помош со Друштво за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје, за втор инвестициски проект а започнати се и активноститет за склучување на анекс договор кон Договорот за доделување на државна помош Душтвото за производство ЏОНСОН КОНТРОЛС АУТОМОТИВЕ СТРУМИЦА ДООЕЛ Струмица, за промена на назив на друштвото. Во однос на контролата на реализацијата на обврските од договорите за доделување на државна

помош оддржувана е блиска соработка и размена на податоци со надлежни државни институции (Агенцијата за вработување, Царинската управа, Управата за јавни приходи, Централниот регистар на Република Македонија). Воедно беа унапредени и дополнети интерните процедури за утврдување на оправданите инвестициски трошоци и контрола. Во законски предвидениот рок, до Комисијата за заштита на конкуренцијата на Република Македонија, беше доставен Годишен извештај за доделена дозволена државна помош во претходната 2016 година.

Врз основа на превземените обврски од претходно склучените договори за доделување на државна помош и обемот на испонетите услови од страна на корисниците, постапувајќи по шест барања за исплата, Дирекцијата реализираше исплата на државна помош во износ од 99.259.496,00 ден. Во предвиден рок Корисниците на државна помош ги доставија до Дирекцијата извештаите за оправдани инвестициски трошоци за 2016 година. Во постапката за контрола на обврските на еден корисник, утврдено е дека не е постапено согласно договорот, за што се преземни мерки за враќање на износ од 1.401,714,00 ден во буџетот на Дирекцијата. Во престојниот период нопходно е екипирање на надлежниот Секторот заради навремено и ефикасна контрола на договорите.

## ПРОГРАМА Д-ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ
## Потпрограма Д6 – Поддршка на инвестициони вложувања

| 1. Субвенции и трансфери | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **ОПИС** | **Обезбедени средства** | **Реализација во период 01.01 - 30.06.2017** | **Останати средства** |
| 1.1 | Разни трансфери | 330.000.000,00 | 99.259.496,00 | 230.740.504,00 |
| | **Вкупно субвенции и трансфери** | **330.000.000,00** | **99.259.496,00** | **230.740.504,00** |

## *IV.3 АКТИВНОСТИ ЗА ПРОМОЦИЈА, КОМУНИКАЦИЈА СО ПОТЕНЦИЈАЛНИ КОРИСНИЦИ И ГРИЖА ЗА КОРИСНИЦИ ВО ТИР ЗОНИТЕ*

Во рамки на надлежностите на промовирање и рекламирање на зоните и остварување на односи со јавноста, привлекување на основачи и корисници на зоните и вршење на услуги на грижа за корисниците во технолошките индустриски развојни зони, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во првиот семестар од 2017 година ги реализираше следните активности:

- Во текот на овој период остварени се посети и последователна комуникација со 30 компании претежно од преработувачка индустрија, како и од истражување и развој и информациони технологии, за потенцијални инвестиции и реинвестиции во ТИРЗ. На дел од комуникациите со компаниите во овој период следеа позитивни одлуки за инвестирање, а дел од овие позитивни одлуки се реализираа во потпишување на договор за долгорочен закуп во ТИРЗ. Исто така, остварени се средби на ниво на амбасадор и економско аташе на две странски амбасади и со една бизнис делегација.

- Во овој период потпишан е Договор за долгтраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Прилеп склучен со Друштво за производство, трговија и услуги ВИК МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, Договор за долгтраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Прилеп склучен со Друштво за производство, трговија и услуги ЏАГАТАЈ КАБЛО ОТОМОТИВ ЕЛЕКТРОНИК СИСТЕМЛЕРИ ДООЕЛ Гостивар, Анекс бр.1 кон Договорот за долгтраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Штип склучен со Друштво за производство АДИЕНТ СЕАТИНГ ДООЕЛ Штип, Анекс бр.3 кон Договорот за долгтраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Струмица склучен со Друштво за производство АДИЕНТ АУТОМОТИВЕ ДООЕЛ Струмица, Анекс бр.1 кон Договорот за долгтраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Скопје 1 склучен со Друштво за производство, трговија и услуги ГЕРМАН ЕЛЕКТРО МЕХАТРОНИКС ДОО Илинден и Анекс бр.1 кон Договорот за долгтраен закуп на градежно земјиште во ТИРЗ Струга склучен со Друштво за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила ОДВ – ЕЛЕКТРИК ДООЕЛ с.Мислешево Струга.

- Во овој период е склучен е Анекс бр.1 кон Договорот за дејност во ТИРЗ Струмица, склучен со Друштво за производство АДИЕНТ

АУТОМОТИВ ДООЕЛ СТРУМИЦА и Анекс бр.1 кон Договорот за дејност во ТИРЗ Струга склучен со Друштво за производство на електрична и електронска опрема за моторни возила ОДВ – ЕЛЕКТРИК ДООЕЛ с.Мислешево Струга.

- Во овој период не се издадени нови Решенија за започнување со работа во ТИРЗ, додека издадено е едно Решение за укинување на Решението за започнување со работа во ТИРЗ на ДПТУ Џонсон Контролс Македонија ДООЕЛ Скопје. Со ова бројот на корисници согласно член 4 став 1 точка 7 од Законот за ТИРЗ, изнесува осум во ТИРЗ Скопје 1, еден во ТИРЗ Скопје 2, три во ТИРЗ Штип, еден во ТИРЗ Кичево, две во ТИРЗ Прилеп, еден во ТИРЗ Струмица, еден во ТИРЗ Тетово и еден во ТИРЗ Струга односно вкупно 18 (осумнаесет) корисници во технолошките индустриски развојни зони.
- Во првата половина на 2017 година одржани се повеќе средби со корисници на зоните во делот на грижа на корисници, од кои еден дел се остварени со претставници на други државни институции. Дел од средбите за грижа на корисници се со сите корисници, а дел индивидуални за прашање кое ја засега конкретната компанија. Во периодот исто така остварена е и друг вид на комуникација со институциите на системот во делот на грижа на корисници и дадена е поддршка за запознавање со постапката за престој и работа на странци вработени кај корисниците во ТИРЗ.
- Во периодот редовно се следеше системот за евиденција заради обработка на податоците од евиденцијата на влезот и излезот на добра и стоки во и од ТИРЗ.
- Во мај 2017 година одржана е презентација пред членовите и другите присутни на редовната сесија на Асоцијацијата на автомобилската индустрија во рамки на Foreign Investor Council of Macedonia во Скопје, Македонија.
- Од 19 – 20 април во Париз (Седиштето на OECD), Франција се одржа Конференција на високо ниво со наслов, *Fostering Investment for Competitiveness in South East Europe.* На конференцијата присуствуваше македонска делегација која беше предводена од г-дин Виктор Мизо, Директор на ДТИРЗ.
- Директорот на Дирекцијата беше национален координатор на *Investment Dimension* на идното издание на *2018 OECD South East Europe Competitiveness Outlook* кое е под севкупна национална координација на Кабинетот на вицепремиерот за економски прашања.

- Во овој период дадени се коментари на нацртот на сега веќе издадената Публикација на OECD *Tracking Economic Zones in the Western Balkans, 2017*
- Во овој период дадени се коментари на нацртот на *Report on the Impact of Reforms and Investment in the Automotive Sector, February 2017* на Светска Банка.
- Се оствари средба со претставници на AETS при Directorate-General for Neighborhood and Enlargement Negotiations (DG NEAR) на Европската комисија, кои работат на изработка на *Study for the Special Economic Zones (SEZ) in the Western Balkans.*
- Директорот и други претставници на Дирекцијата земаа учество на конференцијата на автомобилски добавувачи во регионот SEE Automotive Conference Connect and Supply во Нови Сад, Србија.
- Во организација на Дирекцијата за ТИРЗ, Директорот на Дирекцијата, други претставници на Дирекцијата за ТИРЗ и претставници на факултетите за технички струки (Машински факултет-Скопје, ФЕИТ и ФИНКИ) остварија работна посета на Delphi Technical Centre во Краков, Полска.
- Во овој период вработени во Секторот за грижа за корисници и комуникација со потенцијални корисници во ТИРЗ следеја обука за проектен менаџмент.
- Во периодот остварени се средби со заинтересирани страни од невладиниот сектор во Р. Мнакедонија.
- Во овој период се прибраа нови и тековни прашања од компаниите за редовните седници на Економскиот совет при Владата на РМ со комании во и надвор од ТИРЗ.

Во периодот од 01.01.2017 до 30.06.2017 година, во рамки на активностите за претставување на Дирекцијата за ТИРЗ, како и заради остварување на средби со потенцијални странски инвеститори:

- Тим на Дирекцијата за ТИРЗ предводена од Директорот учествуваше и оствари бројни средби на следниве меѓународни деловни настани:

| | | |
|---|---|---|
| CES global consumer electronics and consumer technology tradeshow | 05-08.01.2017 | Невада, САД |
| Automotive News World Congress | 10-11.01.2017 | Мичиген, САД |
| Automotive News Canada Congress | 16-17.02. 2017 | Торонто, Канада |
| Geneva Motor Show | 07-08.03.2017 | Женева, Швајцарија |
| Serbia-Russia Expo | 15-17.03.2017 | Београд, Србија |
| SEE Automotive Conference | 11-12.04.2017 | Нови Сад, Србија |
| SAE World Congress WCX17 | 04-06.04.2017 | Мичиген, САД |
| Automotive News Europe Congress | 20-21.06.2017 | Барцелона, Шпанија |

- Дирекцијата за ТИРЗ беше претставена со штанд на следните горенаведени настани: Automotive News World Congress 2017 (10-11.01.2017, Детроит, Мичиген, САД), Automotive News Canada Congress 2017 (16-17.02.2017, Торонто, Канада), SAE World Congress WCX17 (04-06.04.2017 Детроит, Мичиген, САД), и Automotive News Europe Congress (20-21.06.2017, Барселона, Шпанија).
- На овие настани Дирекцијата ги презентираше ТИР Зоните во Република Македонија преку свој штанд или презентација и оствари контакти со голем број на претставници од компании од автомобилската индустрија.

## Настани во Македонија

06.04.2017 - Водечкиот производител на седишта за автобуси и возови во Европа, германската компанија „Franz Kiel GmbH “ објави дека ќе започне со работа во Желино, Тетовско. Инвестицијата ја најави извршниот директор на компанијата Герхард Хелвек, кој рече дека ќе започнат со браунфилд инвестиција во постоечки објект. Инвестицијата ќе се реализира во три фази. Првата фаза ќе се реализира во адаптиран објект во Желино, Тетовско, со производство наменето за потребите на Ван Хул, со што првично е планирано да се креираат 60 нови работни места.

Во следните фази предвидено е да се произведуваат делови за седишта и седишта за автобуси и возови кои што ќе се пласираат во Европа, Азија, Америка и други локации во светот, а планирано е да се отворат вкупно 350 нови работни места.

**17.05.2017** - Во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони беше потпишан договор со сопственикот на турската компанија Чагатај кабло, Г-дин Ахмет Короглу, за изградба на нова фабрика во ТИРЗ Скопје 1. Се работи за компанија која произведува кабли и електрични инсталации за автобуси и земјоделска механизација, а во Скопје доаѓа како добавувач на белгискиот производител на автобуси Ван Хол. Се очекува изградбата да биде завршена кон крајот на 2017 година. Според планот на турскиот инвеститор оваа фабрика ќе отвори до 200 нови работни места.

**15.06.2017**- Во ТИРЗ Струмица беше официјално пуштена во употреба фабриката за производство на навлаки за автомобилски седишта „Адиент ‘. Инвестицијата е 20 милиони американски долари и ќе вработи над 1300 лица.

### *IV.4 АДВОКАТСКИ УСЛУГИ И СУДСКИ СПОРОВИ*

Адвокат Флора Илковска од Скопје врши адвокатски и други правни услуги во корист на Дирекцијата за технолошки и индустриски развојни зони на РМ.
Согласно договорот за адвокатски и други правни услуги, давателот на услугите се обврза за примателот на услугите да врши услуги во веќе заведените спорови пред надлежните судови, како и други правни услуги.

Во извештајот е содржан статусот на судските предмети во моментот на изготвување на извештајот, а исто така во него се наведени и сите други дејствија кои се преземени за примателот на услугите во периодот од 01.01-30.06.2017 година и тоа за предметите:

1. **Тужител:** ГРАНИТ АД Скопје против
   **Тужен:** ДТИРЗ Скопје по
   **Основ:** долг
   **Вредност** 29.491.302,48 денари

Предметот е заведен и се води под број на предмет ПЛ1 ТС 2923/15 при Основен Суд Скопје 2 Скопје.
По предметот е закажаното судење за 16.10.2017 година. Судењето беше одложено бидејки судечкиот судија беше отсутен.

2. **Тужител:** ГРАНИТ АД Скопје против

**Тужен:** Дирекција за технолошки индустриски развојни зони од Скопје

**Основ:** долг

**Вредност** 207.757,00 денари

По предметот добивме Решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа од Нотар Весна Дончева од Скопје УПДР бр.1538/16, по кое решение доставено е приговор до нотарот на ден 11.05.2016 година.

Предметот е испратен до судот формиран е предмет под број 11лПЛ1-ТС-1637/16 и по истиот се оджа рочиште на ден 14.03.2016 на кое рочиште предметот заврши.

Чекаме да се донесе одлука од Основен суд Скопје 2 Скопје.

3. **Тужител:** ГРАНИТ АД Скопје против

**Тужен:** Дирекција за технолошки индустриски развојни зони од Скопје

**Основ:** долг

**Вредност** 9.582.789,00 денари

По предметот добивме Решение за дозвола за извршување врз основа на веродостојна исправа од Нотар Весна Дончева од Скопје, по кое решение доставено е приговор до нотарот на ден 12.07.2016 година.

Предметот е испратен до судот формиран е предмет по број 12ПЛ1-ТС-2397/16 и по истиот закажано е подготвително рочиште на ден 17.10.2017 година.

До Бирото за судски вештачења на ден 29.09.2016 година поднесовме барање за градежно и економско вештачење, а на ден 27.03.2017 година доставена е и ургенција до Бирото за судски вештачења .

Сеуште го немаме добиено овој наод и мислење.

4. **Тужител:** Александар и Ана Андоновски од Охрид

**Тужен:** ДТИРЗ Скопје и ЖИКОЛ Скопје

**Основ:** вознемирување на сопственост

Предметот е заведен и се се води под број на предмет П1број 176/15 при Основен Суд Струга.

На Ден 26.04.2017 година примивме одлука од Основен суд во Струга од 28.03.2017 со кое Решение Тужбата на тужителите се ОТФРЛА. Добиена е

жалба од тужителите. Предметот е на одлучување во Апелационен Суд Битола.

5. **Тужител:** Друштво за производство, трговија и услуги ЗИК БРЕГАЛНИЦА ДОО Виница

**Тужен:** Дирекција за технолошки индустриски развојни зони од Скопје

**Основ:** надомест на штета

**Вредност** 35.019.560,00 денари

Предметот е заведен и се води пред Основниот суд во Кочани под број на предмет ТС-17/16.

По предметот поднесовме приговор за месна ненадлежност, приговор за пасивна легитимација и одговор на тужба по кој од Основниот суд во Кочани добивме Решение ТС-17/16 од 16.09.2016 година со кое Основниот суд во Кочани се огласува за месно ненадлежен. Предметот се предаде на судење на Основен суд Скопје 2 Скопје пред кој се одржаа три рочишта и на рочиштето на ден 18.04.2017 предметот заврши. Донесена е првостепена одлука каде што тужбата е одбиена. Поднесена е жалба од тужителите, чекаме одлука по жалба.

6. **Тужител:** Влада на РМ

**Тужен:** Глендор Естеит Лимитед Кардиф Велика Британија каде

**Заинтересирано лице**: ДТИРЗ

**Основ:** надомест на штета

Предметот се води и е заведен под број на предмет 15 ТС 2158/07 при Основен Суд Скопје 2 Скопје вредност на предметот е 5.048.640 евра.

Предметот е во фаза на прецизирање на тужбено барање и доставување на Вештото мислење до тужениот.

По предметот е закажано рочиште за главна расправа при Основен суд Скопје 2 Скопје на ден 06.11.2017година.

7. **Тужител:** Друштво за земјоделство и сточарство ИЛИНДЕН АД н.Илинден Скопје од Илинден,

**Тужен:** Дирекција за технолошки индустриски развојни зони од Скопје

**Основ:** Надомест на штета

Предметот е заведен и се води при Основен суд Скопје 2 Скопје за надомест на штета, заведен под број 4 ТС-1062/11 е во фаза по Ревизија поднесена од тужителот.

Предметот е испратен во Врховниот суд на Р.М. на 30.06.2015 и заведен под број на предмет под РЕВ. Број 211/2015 и по истиот добивме Пресуда со која Ревизијата на тужителот СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Потребно е да се ставаат клаузули на правосилност и извршност и да се наплатат досудените парнични трошоци.

8. **Тужител:** ТДПТУУ ПОЛОГ ДООЕЛ увоз-извоз Тетово,

**Првотужен:** РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА и

**Вторoтужен:** Дирекција за технолошки индустриски развојни зони од Скопје,

**Основ:** Надомест на материјална штета

Предметот се води пред Основниот суд во Тетово заведен под број на предмет ТС-24/15 за надомест на штета.

Предметот е вратен по жалба во Апелациониот суд Гостивар и е заведен под број на предмет во Основен суд Тетово ТС 37/16. Предметот е вратен за да се разгледаат новите докази во постапката доставени од тужителот.

По предметот закажана е расправа за ден 05.09.2017година пред Основен суд во Тетово.

9. **Доверител:** Дирекција за технолошки индустриски развојни зони од Скопје,

**Должник:** Друштво за телекомуникациски услуги ТЕЛЕСМАРТ ТЕЛЕКОМ ДОО увоз-извоз Скопје

**Основ:** Долг

Предметот е во фаза на извршување кај извршител Зоран Петрески.

По предметот сеуште нема наплата и се чека за наплата.

Предметот е даден на извршување по Решение УПДР 86/15 на Нотар Ристо Папазов.

10. **Оштетено лице:** Дирекција за технолошки индустриски развојни зони од Скопје,

**Обвинети се:** МЕФАИЛ АМЕТ и ЕЛВИС ДУРАК

**Кривично дело:** Тешка кражба

Предметот заведен под број на предмет 23 К.бр.2532/13 во Основниот Суд Скопје 1 Скопје е во фаза на извршување.

Предметот е даден на извршување кај Извршител Златко Пејовски од Скопје и заведен под број на предмет И.бр.203/2016.

Сеуште нема наплатено по даденото барање за извршување, се чека за наплата .

11. **Доверител:** Дирекција за технолошки индустриски развојни зони од Скопје

**Должник:** ПЕЛАГОНИЈА ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Скопје

**Основ:** Долг

Предметот е даден кај Нотар Лазар Козаровски во Скопје и заведен под број на предмет УПДР бр.195/15.

Но поради тоа што должникот отвори стечајна постапка Ст.173/15, поднесено е стечајно побарување до стечајниот управник на должникот Христина Јоновска. Истото е уважено и ние сме прифатени како стечајни доверители за должникот.

12. **Тужител:** Дирекција за технолошки индустриски развојни зони од Скопје,

**Тужен:** Сашо Макаровски од Скопје

**Основ:** неосновано збогатување

Предметот се води пред Основниот суд Скопје 2 Скопје за стекнување без основ заведен под број на предмет 16 П4 523/14 и истиот е архивиран на ден 08.10.2015 година, бидејќи во предметот нема доставено дополнителни информации.

По предметот, до Основниот суд Скопје 2 Скопје-одделение за оставински постапки, има поднесено барање за достава на информации за кои се наследниците на тужениот но сеуште немаме добиено одговор од Основниот суд Скопје 2 Скопје .

Од Основниот суд Скопје 2 Скопје сеуште чекаме одговор.

13. **Тужител:** Трајко Максимовски

**Тужен:** РМ и ДТИРЗ

**Основ:** Надомест на експропиран имот

Предметот е заведен и се води под број на предмет при Основен Суд Тетово под ВПП 244/15 за опраделување на надоместок за експроприрана недвижност.

Овој предмет се заврши на начин што на рочиштето на ден 04.03.2016 година не се јави полномошникот на предлагачот, па така предлогот се смета за повлечен, за што добивме и решение од Основниот суд Тетово дека предлогот е повлечен.

По предметот потребно е да се стават клаузули на правосилност и извршност од Основниот суд во Тетово, со цел да се наплатат трошоците сторени во текот на постапката. Судот во неколку наврати не врати за тоа поради отсуство на судијата.

14 **Тужител:** Друштво за транспорт, градежништво и трговија 29-ти Мај ДООЕЛ увоз-извоз Скопје

**Тужен:** Дирекција за технолошки индустриски развојни зони од Скопје,

**Основ:** Долг

Предметот се води пред Основниот суд Скопје 2 Скопје заведен под број на предмет 2Р-ПЛ-26/11 и е архивиран во судот на ден 23.01.2013 година поради тоа што повеќе од една година немало никакви дејства по предметот.

До Централниот регистар ќе поднесеме барање за тоа дали фирмата сеуште е во работа, односно дали истата постои.

15. **Тужител:** ТДПТУУ ПОЛОГ ДООЕЛ увоз-извоз Тетово,

**Првотужен:** РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА **и**

**Второтужен:** Дирекција за технолошки индустриски развојни зони од Скопје,

Предметот се водел пред Основниот суд во Тетово заведен под број на предмет ТС-128/11 за надомест на штета и истиот е архивиран.

Потребно е да се стават клаузули на правосилност и извршност и да се побара да се надоместат трошоците во постапката.

16. **Тужител:** Друштво за производство, трговија и услуги ТОРО-Б.А.Т ДООЕЛ увоз – извоз Пехчево

**Тужен:** Република Македонија – Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство

Дирекција за технолошки индустриски развојни зони од Скопје

**Основ:** надомест на штета

**Вредност** 35.019.560,00 денари

Предметот е заведен и се води пред Основниот суд во Кочани под број на предмет ТС-9/17.

По предметот поднесовме приговор за месна ненадлежност, приговор за пасивна легитимација и одговор на тужба по кој од Основниот суд во Кочани добивме Решение ТС-9/17 од 20.04.2017 година со кое Основниот суд во Кочани се огласува за месно ненадлежен. Закажан предмет за 11.09.2017 под ТС 269/17.

***IV.5 РАБОТА НА УПРАВЕН ОДБОР***

Во периодот од 01.01.2017 година заклучно со месец 06.2017 година Управниот Одбор одржа вкупно 9 ( девет ) седници.

На својата **шеесет и шеста редовна седница** одржана на ден 20.01.2017 година УО ги донесе следните одлуки:

- Одлука бр.02-143/3 за определување на касовиот максимум на Дирекцијата за ТИРЗ за 2017 година.
- Одлука бр.02-143/4 за ослободување од плаќање на дел од услугите утврдени со Тарифникот на основачот на ТИРЗ Прилеп на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ Прилеп од страна на корисникот Друштво за производство, трговија и услуги Инјецтион Моулдинг Прилеп дооел увоз-извоз Прилеп.
- Одлука бр.02-143/5 за донесување на Правила за набавка на природен гас и системски услуги за покривање на загубите во дистрибутивниот систем.

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони согласно член 94 од Законот за Енергетика како носител на Лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на природен гас има обврска да изготви и по прибавување на одобрување од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, објави во Службен весник на Република Македонија како и на својата веб страница Правила за набавка на природен гас и системски услуги за покривање на загубите во дистрибутивниот систем во Технолошките индустриски развојни зони – „Скопје 1“ и „Скопје 2“

Со овие правила се уредуваат начинот и постапката за обезбедување на природен гас и системски услуги за покривање на загубите во дистрибутивниот систем на корисниците на системот за дистрибуција на природен гас во Технолошките индустриски развојни зони – „Скопје 1“ и „Скопје 2“

а со цел да се обезбеди:

- сигурност, безбедност, континуираност и квалитет на испораката на природниот гас за покривање на загубите во системот за дистрибуција на природен гас и потребни помошни услуги,
- заштита на правата на корисниците на дистрибутивниот систем,
- ефикасност и економичност во работата на Операторот на дистрибутивниот систем и

- објективност, недискриминираност и транспарентност во работењето.

- Одлука бр.02-143/6 за надомест за услугата снабдување со природен гас во ТИРЗ Скопје1 и Скопје2.

Управниот одбор одлучи надоместокот за услугата снабдување со природен гас на потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 да изнесува 0,10 денари за Нм$^3$ природен гас.

Со предвидениот надомест предвидено е да се овозможи покривање на трошоците за склучување на договори за набавка на гас, склучување на договори со потрошувачите на гас, отчитување, евидентирање и фактурирање на испорачаните количини природен гас, а воедно да стимулира и овозможи задржување на конкурентноста и привлекување на нови корисници на системот за дистрибуција на природен гас ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2.

- Одлука бр.02-143/7 за донесување на Мрежни правила за дистрибуција на природен гас во Технолошките индустриски развојни зони –„ Скопје 1" и „ Скопје 2".

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони согласно член 94 од Законот за Енергетика како носител на Лиценца за вршење на енергетска дејност дистрибуција на природен гас има обврска да изготви и по прибавување на одобрување од Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, објави во Службен весник на Република Македонија како и на својата бев страница Мрежни правила за дистрибуција на природен гас во Технолошките индустриски развојни зони –„ Скопје 1" и „ Скопје 2"

Со овие Мрежни правила се уредуваат основните технички правила и услови за планирање, оперативно водење, пристап и приклучување на корисниците на системот за дистрибуција на природен гас во Технолошките индустриски развојни зони –„ Скопје 1" и „ Скопје 2"

а со цел да се обезбеди:

- сигурност, безбедност, континуираност и квалитет на испораката на природниот гас,
- заштита на правата на корисниците на дистрибутивниот систем,
- ефикасност и економичност во работата на Операторот на дистрибутивниот систем и
- објективност, недискриминираност и транспарентност во работењето.

Кон овие Мрежни правила се должни да се придржуваат вршителите на енергетските дејности дистрибуција на природен гас, снабдување со природен гас и трговија со природен гас како и потрошувачите на природен гас во Технолошките индустриски развојни зони –„ Скопје 1" и „ Скопје 2"

- Одлука бр.02-143/8 за донесување на Правилник за службени возила.

На ден 25.01.2017 година Управниот Одбор на Дирекцијата за ТИРЗ ја одржа својата **шеесет и седма редовна седница** и на истата се донесени следните одлуки:

- Одлука бр.02-176/3 со која се донесува Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Дирекцијата за ТИРЗ бр.01-177/1 од 25.01.2017.

- Одлука бр.02-176/4 со која се одобрува Извештајот на Централна пописна комисија за извршен попис на средствата, изворите, побарувањата и обврските за 2016 година на Дирекцијата за ТИРЗ бр. 01-157/8 од 25.01.2017 година.
- Одлука бр.02-176/5 со која се отпишува од сметководствена евиденција мобилен телефон Huawei на терет на Дирекцијата за ТИРЗ.

  Согласно Извештајот од комисијата за попис на основни средства во Управната зграда, Централната пописна комисија констатира потреба од усогласување на сметководствената со фактичката евиденција во делот на ТВ, радиоприемници, телефонски централи, односно даде предлог да се изврши отпис на основни средства со вкупна набавна вредност од 18.990,00 ден., отпишана вредност од 664,00 ден., и сегашна вредност од 18.326,00 ден. Дадениот предлог е врз основа на Потврда бр. 03-168/1 од 24.01.2017 год. издадена од Министерството за внатрешни работи со рег. Бр. 28.7.1.9-1308 од 12.12.2016 год.
- Одлука бр.02-176/6 за расходување на ситен инвентар, резервни делови, автогуми, материјал и канцелариски материјал.
- Одлука бр.02-176/6 со која се одобрува Извештајот за работата на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони за периодот од 01.07.2016 до 31.12.2016 година бр.01- 175/1 од 25.01.2017 година.

На **шеесет и осмата редовна седница** која се одржа на ден 14.02.2017 година беа донесени следните одлуки:

- Одлука бр. 02-280/3 со која се донесува Статут на Дирекцијата за ТИРЗ (пречистен текст)

Врз основа на член 4 од Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Дирекцијата за ТИРЗ бр.01-1546/1 од 07.10.2015 година, а согласно член 21 од Законот на технолошки индустриски развојни зони Управниот одбор одлучи да донесе пречистен текст на Статутот на Дирекцијата за ТИРЗ.

Пречистениот текст го опфака Статутот УО 64/1 од 28.05.2007 година и сите измени и дополнувања заклучно со денот на донесување на овој пречистен текст односно Измени и дополнувања бр.02-1557/4 од 17.11.2008 година, бр.01-216/1 од 08.03.2011 год, бр.03-1420/1 од 25.12.2012 година, бр.01-1509/1 од 26.11.2014 година, бр.01-127/1 од 16.01.2015 година и бр.01-1546/1 од 07.10.2015 година.

- Одлука бр. 02-280/4 со која се донесува Тарифник на оператор со Индустриска зона "Косел" за надоместоци за извршени услуги кон инвеститорите во индустриската зона "Косел".

Со одлука донесена од страна на Владата на Република Македонија ( Службен весник на Република Македонија бр.222/16) е основана Индустриската зона Косел со која како оператор управува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони согласно Законот за индустриски - зелени зони.

Согласно член 12 став 2 точка 33 од Законот за технолошки индустриски развојни зони Дирекцијата врши работи на оператор на индустриски зони кога како основач се јавува Владата на Република Македонија.
Согласно член 20 став 1 алинеја 6 од Законот за ТИРЗ Управниот одбор ги донесува прописите и другите акти на Дирекцијата согласно со овластувањата од Законот за ТИРЗ.
Согласно член 34 став 4 од Законот за индустриски - зелени зони "За вршење на работите во зоната, операторот на зоната донесува тарифник за утврдување на висината на надоместоците за услугите кои ги дава, а за кој согласност дава ........ Владата на Република Македонија."

На **шеесет и деветата редовна седница** на УО одржана на ден 27.02.2017 година се донесоа следнните одлуки:

- Одлука бр.02-326/3 со која се усвојува Финансиски извештај за годишна сметка за 2016 година на буџетската сметка "637" на Дирекцијата за ТИРЗ бр.05-321/1 од 27.02.2017 година според кој остварени се вкупно 616.756.943,00 денари на име приходи од буџет и 616.756.943,00 денари на име расходи. Добивка нема.
- Одлука бр.02-326/4 со која се усвојува Финансиски Извештај за годишна сметка за 2016 година за самофинансирачката сметка "787" на Дирекцијата за ТИРЗ бр.05-322/1 од 27.02.2017 година според кој Дирекцијата ги има остварено следните износи на приходи и расходи: Вкупно приходи 223.978.700,00 ден, Вкупно расходи 125.403.528,00 ден, Добивка 98.575.172,00 ден.
- Одлука бр.02-326/5 со која се донесоа и усвоија Предлог Тарифник на основачот на ТИРЗ Штип на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ Штип.
- Одлука бр.02-326/6 со која се донесоа и усвоија Предлог Тарифник на основачот на ТИРЗ Виница на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ Виница.
- Одлука бр.02-326/7 со која се донесоа и усвоија Предлог Тарифник на основачот на ТИРЗ Прилеп на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ Прилеп.
- Одлука бр.02-326/8 со која се донесоа и усвоија Предлог Тарифник на основачот на ТИРЗ Делчево на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ Делчево.
- Одлука бр.02-326/9 со која се донесоа и усвоија Предлог Тарифник на основачот на ТИРЗ Струмица на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ Струмица.
- Одлука бр.02-326/10 со која се донесоа и усвоија Предлог Тарифник на основачот на ТИРЗ Гевгелија на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ Гевгелија.

- Одлука бр.02-326/11 со која се донесоа и усвоија Предлог Тарифник на основачот на ТИРЗ Радовиш на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ Радовиш.
- Одлука бр.02-326/12 со која се донесоа и усвоија Предлог Тарифник на основачот на ТИРЗ Берово на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ Берово.
- Одлука бр.02-326/13 со која се донесоа и усвоија Предлог Тарифник на основачот на ТИРЗ Скопје 1 на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ Скопје 1.
- Одлука бр.02-326/14 со која се донесоа и усвоија Предлог Тарифник на основачот на ТИРЗ Скопје 2 на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ Скопје 2
- Одлука бр.02-326/15 со која се донесоа и усвоија Предлог Тарифник на основачот на ТИРЗ Кичево на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ Кичево.
- Одлука бр.02-326/16 со која се донесоа и усвоија Предлог Тарифник на основачот на ТИРЗ Струга на надоместоци за извршени услуги кон Корисниците на ТИРЗ Струга.
- Одлука бр.02-326/17 за ослободување од плаќање на дел од услугите утврдени со Тарифникот на основачот на ТИРЗ Струмица на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ Струмица од страна на корисникот Друштво за производство Адиент Аутомотиве ДООЕЛ Струмица.
- Одлука бр.02-326/18 со која се донесе Упатство за измена и дополнување на Упатство за утврдување на оправдани инвестициски трошоци и следење на обврските од договорите за доделување на државна помош.

Упатството за утврдување на оправдани инвестициски трошоци и следење на обврските од договорите за доделување на државна помош претставува модел според кој ќе се утврдува износот на оправданите инвестициски трошоци во материјални и нематеријални средства на претпријатијата со кои Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во име на Владата на Р. Македонија склучува договори за доделување на државна помош. Причината за донесување на Упатството е воспоставување на јасни насоки за постапување на корисниците и Дирекцијата во процесот на утврдувањето на оправданите инвестициски трошоци. Истото предвидува начини и докази за известувањето за реализираните инвестициски трошоци, ги прецизира основните обврски од договорите и ги објаснува правилата на постапката за исплата на директна државна помош.

Основната цел на документот е преку системски пристап да ја униформира постапката за утврдувањето на оправданите инвестициски трошоци врз основа на кои се врши пресметката на интензитетот на државната помош за инвестициските проекти.

Ова Упатство произлегува од основните правила и принципи содржани во Договорите за доделување на државна помош , Закон за технолошки индустриски развојни зони („Службен весник на РМ" бр.14/2007, 103/2008, 130/2008, 139/2009, 156/10, 127/12, 41/2014, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 102/15, 217/15 и 30/16), Законот за

контрола на државната помош („Службен весник на РМ" бр.145/10) и подзаконските акти од областа на државна помош на Р. Македонија.
Согласно член 18 став 1 точка 25 од Статутот на Дирекцијата за ТИРЗ "Управниот Одбор ги донесува прописите, подзаконските и другите акти на Дирекцијата согласно со овластувањата од Законот за технолошки индустриски развојни зони и други акти по предлог на Директорот на Дирекцијата".

На ден 14.03.2017 година Управниот Одбор на Дирекцијата за ТИРЗ ја одржа својата **седумдесета електронска седница** и на истата се донесе следната одлука:

- Одлука бр.02-388/2 за давање на согласност за службено патување во странство на вработени во Дирекција за ТИРЗ.

Согласно член 18 став 1 точка 27 од Статутот на Дирекцијата за ТИРЗ, Управниот одбор дава согласност за службените патувања, доколку патуваат повеќе од тројца вработени од институцијата.

На ден 20.03.2017 година Управниот Одбор на Дирекцијата за ТИРЗ ја одржа својата **седумдесет и прва редовна седница** и на истата се донесени следните одлуки:

- Одлука бр.02-404/4 со која се дава согласност на Договор за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштво за производство, трговија и услуги ЏАГАТАЈ КАБЛО ОТОМОТИВ ЕЛЕКТРИК СИСТЕМЛЕРИ ДООЕЛ Гостивар, како закупопримач.

Согласно Законот за Технолошки индустриски развојни зони, во случај кога Владата на Република Македонија е основач на зона, Дирекцијата за ТИРЗ склучува и раскинува договори за закуп на земјиштето и објектите во зоната со корисниците за кои Владата на Република Македонија дава претходна согласност (член 12 став 4 алинеја 1).
Согласно член 18 став 1 точка 7 од Статутот на Дирекцијата за ТИРЗ Управниот одбор дава согласност на Договорите за закуп на градежното земјиште и објектите во зоната со корисниците, кога Владата на Република Македонија е основач.

- Одлука бр.02-404/5 со која се дава согласност на Анекс договор бр.1 кон Договор за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија - Влада на Република Македонија, како Основач на Технолошката индустриска развојна зона Скопје 1, застапувана од Дирекцијата за Технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство, трговија и услуги Герман Електро Мехатроникс ДОО Илинден како закупопримач.

Друштво за производство, трговија и услуги Герман Електро Мехатроникс ДОО Скопје достави допис, заверен во архивата на Дирекцијата за ТИРЗ под бр.35-0703/1 од 02.03.2017 година во кој се наведува дека е извршена промена на седиште на Друштвото и новата адреса сега гласи: Технолошка индустриска зона бр.Скопје 1/парцела 14.6, Илинден, а поради извршена промена се менува и називот и скратениот назив на Друштвото . Новиот назив на Друштвото гласи: Друштво за

производство, трговија и услуги Герман Електро Мехатроникс ДОО Илинден, а скратениот назив на Друштвото гласи: Герман Електро Мехатроникс ДОО Илинден.
Промената на седиштето и називот на Друштвото веќе е впишано во Централниот регистар на Република Македонија.

На ден 21.04.2017 година Управниот Одбор на Дирекцијата за ТИРЗ ја одржа својата **седумдесет и втора редовна седница** и на истата се донесени следните одлуки:

- Одлука бр.02- 558/3 со која се дава согласност на Анекс договор бр.2 кон Договор за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на РМ застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство и трговија ХАЈ ТЕК АСЕМБЛИ ЦЕНТАР ДООЕЛ експорт-импорт Илинден со број 09-270/1 од 02.02.2016 година.

Со овој Анекс договор број 2, се врши измена на член 1 од од Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште, заведен кај закуподавачот под број 09-270/1 од 02.02.2016 година. Во членот 4 став 1 од Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште се врши измена на износот. Во врска со измената од став 1 од овој член, а со цел усогласување на плаќањето на закупнината за првите пет (5) години се менува ставот 3 од членот 4 од Договорот за долготраен закуп на градежно земјиште.

- Одлука бр.02- 558/4 со која се дава согласност на Анекс договорот бр.1 кон Договор за долготраен закуп на градежно земјиште склучен помеѓу Република Македонија – Влада на РМ застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Друштво за производство на хидраулична опрема и услуги ВИТЕК МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје со број 07-276/2 од 29.03.2016 година.

Со овој Анекс договор број 1, се врши измена на член 1 од Договорот за задолготраен закуп на градежно земјиште, заведен кај закуподавачот под број 07-276/1 од 29.03.2011 година и кај закупопримачот под број 01/2011 од 29.03.2011 година, солемнизиран под ОДУ реден бр.139/11. Во врска со измената на член 1 од Договорот, а со цел усогласување на плаќањето на закупнината се менува член 4 став 2.

- Одлука бр.02- 558/5 за ослободување од плаќање на дел од услугите утврдени со Тарифникот на основачот на ТИРЗ Скопје2 на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ Скопје2 од страна на корисникот Друштво за производство, трговија и услуги Друштво за производство, трговија и услуги Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден.

На ден 25.12.2013 година склучен е Анекс бр.03-1435/9 кон Договор за долготраен закуп на градежно земјиште склучен со Друштво за производство, трговија и услуги Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден, како закупопримач заверен во

Дирекцијата за ТИРЗ под бр.07-739/1 од 27.06.2012 година, кој Анекс се однесува на закуп на дополнително земјиште врз основа на одобрена ДУПД ЗА ТИРЗ Скопје 2. Согласно член 1 точка 1 од Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 2" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 2" (Службен весник на РМ, бр.10 од 22.01.2016 година), Дирекцијата за ТИРЗ ги дава следните услуги:

- Одржување на инфраструктурата во границите на зоната и одржување на јавни површини,
- Одржување на уличното осветлување на јавните површини во зоната,
- 24- часовно физичко обезбедување на зоната,
- 24 часовна контрола при влез и излез во зоната
- обезбедување на услови за работа на Царинскиот орган.

Со оглед на фактот што од страна на закуподавецот не се исполнети сите услуги, односно исполнети се услугите од алинеите 1,3, 4 и 5 од горецитираниот член 1 точка 1 од Тарифникот, се одлучи корисникот Друштвото за производство, трговија и услуги Ван Хоол Македонија ДООЕЛ Илинден да плаќа 80% од вкупниот износ кој треба да го плаќа на име надомест за услугите кои се обезбедуваат согласно точка 1 од Тарифникот на основачот на ТИРЗ „Скопје 2" на надоместоци за извршени услуги кон корисниците на ТИРЗ „Скопје 2" за што на Корисникот му се издава фактура на вкупен износ од 867,610.00 МКД односно истиот да плаќа износ од 694,088.00 МКД.

На **седумдесет и трета редовна седница** на УО одржана на ден 19.05.2017 година се донесени следнните одлуки:

- Одлука бр.02-701/3 со која се дава согласност на Договор за долготраен закуп на градежно земјиште со Друштвото за производство и услуги КЕСЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје.
- Одлука бр.02-701/4 со која се дава согласност на Договор за вршење дејност во технолошко индустриската развојна зона Скопје 1 со Друштвото за производство и услуги КЕСЛЕР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје.
- Одлука бр.02-701/5 со која се дава согласност на Анекс договорот бр. 2 кон Договор за доделување на државна помош склучен помеѓу Република Македонија – Влада на РМ застапувана од Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Душтвото за производство ЏОНСОН КОНТРОЛС АУТОМОТИВЕ СТРУМИЦА ДООЕЛ Струмица со број 13-271/1 од 02.02.2016 година година

Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во име на Основачот на ТИРЗ Струмица склучи Анекс бр.1 заведен под бр.13-271/2 од 18.08.2016 година со ЏОНСОН КОНТРОЛС АУТОМОТИВЕ СТРУМИЦА ДООЕЛ Струмица.

На ден 14.04.2015 година Друштвото за производство ЏОНСОН КОНТРОЛС АУТОМОТИВЕ СТРУМИЦА ДООЕЛ Струмица достави допис до Дирекцијата во кое

наведува дека како гарант на Друштвото за производство ЏОНСОН КОНТРОЛС АУТОМОТИВЕ СТРУМИЦА ДООЕЛ Струмица која ќе го потпише Договорот за корпоративна гаранција ќе биде Џонсон Контролс Аутомотиве (Велика Британија) која ќе ја замени компанијата Џонсон Контролс Гмбх, и Цо Кг Германија (Германија) за што Управниот одбор даде согласност со одлука бр.02-762/11 од 22.04.2016 година.

Со овој Анекс договор бр.2 се врши измена во називот на втората договорна страна, врз основа на Известување бр.09-1281/1 од 26.08.2016 за спроведена постапка за промена на назив на друштво пред Централниот регистар на Република Македонија и согласно тековната состојба на втората договорна страна, така што втората договорна страна сега гласи:

Друштвото за производство АДИЕНТ АУТОМОТИВЕ ДООЕЛ Струмица, со регистрирано седиште на: ул. „Населено место без уличен систем" бр. ТИРЗ Р-605, Свидовица, Струмица, Република Македонија, со ЕМБС 7088922, со единствен даночен број (ЕДБ) 4027015523808, застапувано од Кетлин Ен Ибахер, со број на пасош 455039977, со живеалиште на: бр.5-В173 Меномонее Фаллс Цхестнут Коурт Н4992,53051, Висконсин, САД, Управител на Друштвото како „втора договорна страна".

**Седумдесет и четвртата редовна седница** на УО се одржа на ден 16.06.2017 година и се донесоа следните одлуки:

- Одлука бр.02-792/3 со која се дава согласност за службено патување во странство на вработени во Дирекција за ТИРЗ.

Согласно член 18 став 1 точка 27 од Статутот на Дирекцијата за ТИРЗ, Управниот одбор дава согласност за службените патувања, доколку патуваат повеќе од тројца вработени од институцијата.

- Одлука бр.02-792/4 со која се донесува измени и дополнување на Годишниот план за јавни набавки

Согласно Законот за Јавни набавки, по потреба Договорниот орган во текот на годината може да го измени или дополни годишниот план за јавни набавки согласно со планираните и обезбедените средства за јавни набавки (член 26 став 3).

***Согласно овој Извештај Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони во најголем дел ги реализираше предвидените активности за периодот од 01.01.2017 – 30.06.2017 година согласно Годишната Програма со Финансиски план за 2017 година.***

*в.д. Директор*
*Александар Младеновски*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ СКОПЈЕ